ии033

10633, 5 НОЕМВРИ 1997 Вечер c.12.

БЕЛЕЖИМЕ

# Мора ли ФЛУКСУС да биде луксуз?

Изложбата за ФЛУКСУС, последното авангардно уметничко движење во овој век, во овие две недели додека е поставена во Скопје, во Музејот на современата уметност, ја виделе околу пет илјади гледачи. И тоа, главно млади луѓе, студенти, кои на изложбата доаѓаат во спонтано организирани групи. Тоа, за еден ликовен настан кај нас, е апсолутно рекордна посета во последниве години, вест што музеите оптимистички ја прифаќаат како знак дека публика за изложби сепак има. Односно, дека изложбите не мора, како што е вообичаено тука, да живеат само една вечер, оти сите што сакаат да ги видат доаѓаат само на отворањето, и толку.

Несомнено, да се донесе во Скопје германската патувачка изложба за ФЛУКСУС, еден од најголемите и најквалитетни европски проекти во моментов, е само по себе успех. Но, за нашите музејски институции, главно финансирани од државата, значи со огромни финансиски проблеми, изложбите како оваа се нешто повеќе од тоа – шанса да видат што можат да сторат за да си помогнат самите себеси. Ова пред сѐ значи да си ги сoлгедаат сопствените ресурси токму во можностите за планирано градење публика, што е главниот аспект за успехот на една изложба. Зашто, само да се донесе ФЛУКСУС, или Марина Абрамовиќ, или Тони Крег или Луј Кан, не е доволно. Прашањето е што откако изложбата, и тоа не само на славниот странски ами и на славниот домашен автор, ќе биде поставена во Скопје. Што прават музеите за да привлечат публика, за да си обезбедат нејзино континуирано присуство? Дали, освен масмедиумски кампањи, прават кампањи и по училиштата и факултетите, дали нудат организирани тури со лекции и предавања? Дали своите изложби ги третираат како свој производ што треба осмислено и целисходно да го понудат директно на својата целна публика? Со други зборови, дали со планирањето на изложбата се планира и активноста за нејзиниот успех? За жал, се чини, сѐ уште не. Затоа и изгледа дека овие пет илјади посетители за ФЛУКСУС не се „заработени" со однапред смислен план на МСУ – тие се повеќе резултат на триесетгодишната светска популарност и слава на последната авангарда.

М. Костова